РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
УПП Број / Numer. 03-9
17.04.2025 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**До:** главен уредник на ЦивилМедиа и претседател на ГО Цивил

**Предмет:** Одговор на Претставка

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје

Почитувани,

Агенцијата ја прими Вашата Претставка (наш бр. УПП 03/9 од 01.04.2025 г.) во која наведувате дека медиумската платформа „ЦивилМедиа“, на која сте главен уредник, односно граѓанската организација „Цивил“ чиј претседател сте Вие, а и Вие лично, сте мета на „манипулациии“, „лажни и злонамерни наративи“, „навреди и клевети“ и „говор на омраза“, кои се пласирани на ТВ Алфа, Нетпрес, Плусинфо, Мкпресс.еу и општо на социјалните мрежи. Од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, како и од Судот на честа при Здружението на новинари на Македонија (ЗНМ) и од Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници (ССНМ), барате и оценувате дека: „Ваквиот однос во јавноста и медиумите е неприфатлив... да биде решително отфрлен и осуден“.

Во Претставката немате наведено кога е емитуван прилогот на ТВ Алфа и во која емисија, поради што не сме во можност прецизно да ја лоцираме содржината за чие објавување реагирате. Што се однесува до онлајн медиумите, Агенцијата нема законска надлежност за надзор над содржините кои тие ги објавуваат.

Сметаме дека во конкретниов случај можете да го искористите своето право на одговор или исправка на објавена информација, односно правото на судска заштита во граѓанска постапка и тужба доколку не се објави исправката или одговорот, како што е регулирано во Законот за медиуми.

Агенцијата ќе ја извести ТВ Алфа за Вашата реакција, при што ќе апелира на почитување на професионалната етика од страна на новинарите и уредниците.

Срдечен поздрав,

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги
Директор,

д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ